# ИВКОВИЌ

САЛОН НА МУЗЕЈОТ — ЃУРО САЛАЈ 34
SALON DU MUSÈE — ĐURO SALAJ 34

МУЗЕЈ НА
СОВРЕМЕНА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ
MUSÉE D'ART
CONTEMPORAIN
SKOPJE

# БОГОЉУБ ИВКОВИЌ
# BOGOLJUB IVKOVIĆ

мај — mai 1970

Богољуб Ивковиќ стапи во уметничкиот живот на Македонија во крајот на педсетите години. До тоа време беа изодени и првите стилски ,,патешествија" на нашите први повоени генерации, низ кои нивното творештво постепено се насочуваше кон асимилација на некои тогаш актуелни ликовни движења во Југославија и Европа. Во таа клима Ивковиќ се објави како еден изделен инструмент во општата творечка оркестрација што тогаш ја претставуваше македонското сликарство. Таа своја особеност — поставеност како ликовен феномен што постојано ја нагласува својата специфичност на изразување на општите, длабоките суштини на развојот на македонското ликовно творештво — Ивковиќ ја запази сé до своите последни дела.

Неговите бројни колективни настапи во земјата и странство, а особено самостојните изложби во Белград (1958., 1963.), Скопје (1959., 1962.) и Париз (1968.) ја упатија југословенската и странската ликовна критика како да ја дефинира неговата карактеристична ликовна физиономија. Основното во нејзините определби е евидентирање на една цврста кохезија меѓу внатрешниот свет на личноста на Ивковиќ и ликовната структура на неговите дела. Без да го употребат терминот, критичарите ја нагласуваат ангажираноста на уметникот за една специфична социјална и етничка средина, сметајќи дека тој за тоа ја пронашол и соодветната пластична формула. Таа е класифицирана, според својот најширок идејно-естетски контекст, во експресионизмот, особено во оние негови видови во кои е присутно објавувањето на уметникот за она што го возбудува во животот и судбината на луѓето. Навистина, веќе првите дела на Ивковиќ содржеа формални белези на сликарство што се изразува со привидно едноставни но со својата општа ликовна оформеност максимално изразени елементи што се сведуваат на специфична форма на експресивна деформација: градење на робустни, ,,тврдо", ,,остро" профилирани претстави на луѓе и предмети, хипертрофирање на одделни детали за да се наметне впечатокот за нешто силно, несмасно, цврсто впиено во амбиентот каде одделниот лик или предмет се сместени. Композицијата, уште во почетокот, е поедноставена; се применуваат од уметникот неколку основни шеми на распоред, специфични, симболично-метафорични, ,,алогични" односи меѓу одделни составки на неговите слики, се наметнува еден тежок, развлечен ритам, некаков напор да се постигне нагласена монументалност на општата структура на делото. Содржинската материја што се ослободува преку вакви формални инструменти, соопштува за една човечка егзистенција што е во постојана свртеност кон императивите на некои фаталистички доживеани сили. Руралниот амбиент, фактурата на животот во македонското село, Ивковиќ ги предава како човечко траење што низ сиот свој тек е безусловна потчинетост на нешто што е неумоливо, одредено; се претставува како еден егзистенцијален ритуал во кој сé е определено, во кој човекот е само обичен инструмент за манифестирање на некои подлабоки, скриени суштини. Во драмата што се чувствува веќе од првите ликовни искажувања на Ивковиќ, е содржано и едно внатрешно доближување до светот на византиската уметност. Се чувствува ,,контаминација" на внатрешната личност на уметникот со оној трансцедентален, метафизички патос изразен во затворената идеологија на христијанството, според која сé во манифестациите на постоењето на светот и на човекот, го има својот неумолив почеток и крај, определен од една божанска мисла и волја. Нејзината уметничка форма го претставува и репертоарот на средновековните фрески и икони, така богато и естетски наметливо, присутни во Македонија во бројни споменици од минатото. Ивковиќ умееше да ја запази својата индивидуалност не само кога се отвора кон вакви рафинирани, комплексни идејно-естетски инспирации, туку и тогаш кога својата личност ја насочува кон проучување на некои други творечки изрази. Така извесни укажувања дека македонскиот уметник ја почувствувал експресивната сила на некои стари цивилизации — на пример на асироваvилонската или на Мексико, треба да се разберат само како момент на една ,,оперативна естетска насоченост", за да се извлече од минатото она што може да биде релевантно за еден современ ликовен израз; особено кога тој се обидува да соопштува некои трајни дилеми, вредности, вистини на човековото постоење, некогаш и денес. Со еден збор; поради соодветноста на духовниот и творечкиот менталитет на Ивковиќ со некои елементи на сродни уметнички потфати, не може да се обвини овој уметник за некаков изнасилен традиционализам, туку треба да се одбележи неговото активно, творечко ревалоризирање на она што е дел од општото духовно наследство на човештвото во областа на ликовната уметност.

Сé до последниве години Ивковиќ применуваше и особена колористичка обработка на своите дела, настојувајќи таа да биде финалниот тон во сиот негов творечки

напор да соопшти една специфична уметничка порака. Неговите бои беа напросто метафорична или поточно симболична транспозиција на таа негова цел: тоа се земјани, стемнети бои; темнокафеави, темноокерни површини, партии од интензивни умбри од отровнозелени, темносини и интензивно црвени акценти. ,,Фолклорниот штимунг" што и по овој пат се наметнува во сликите на Ивковиќ, деликатната усkладеност на површините во неговите најдобри дела, како особеност уметникот ги задржува и во своите слики насочени кон тематиката од неодамнешната историја и кон оние мигови од современите настани во нашето национално подрачје, во кои човековото постоење било поставено пред извонредни искушенија. Тука мислам на редица творби на Ивковиќ што се однесуваат на народноослободителната борба и, особено, на катастрофалниот скопски земјотрес од 1963 година. Во нив уметникот останува доследен на својата творечка личност, што се однесува до своите основни изразни средства.

Вителот на револуционерната драматика Ивковиќ го реализира во смели, симболично-надреалистички композициони шеми, со задржана патетика, со експресивен, збиен, монументален концепт во обликување на фигурите и човечките маси. Бруталната, слепа стихија на земјотресот, тој ја чувствува како универзална трагедија, во која човековото уништување се изведува со општа деструкција на материјата, ,,живата" и ,,мртвата". Меѓутоа, во делата со тема земјотрес како и во други негови творби од последните неколку години, се забележува една перманентна, но постепена, поради тоа убедлива аспирација на Ивковиќ, запазувајќи ги основните тематски, идејно-естетски и стилски структури на своето ликовно изразување, да дојде до нови стилски решенија. Така, особено од 1967. година наваму, уметникот постепено ја ,,расветлува" својата палета, што е посебно изразено во неговите слики, на платно. Боите добиваат една нова звучност и во исто време сé помалку се поставени како фино градирани партии, површини разрешени со тонско сликање од кое конечниот ефект е една општа хроматска усkладеност. Во поновите слики на Ивковиќ колоритот (во него продира сега ,,многу кармин, индиго, сино и жестоко зелено") е ,,раскинат", ја следи ,,раскинатоста", ,,експлозивноста" на потегот на уметникот, ја нагласува извесната ,,деструкција", дисперзија на поранешните цврсти затворени маси; го следи нагласувањето на извесен цртачки, линеарен момент кој се провлекува низ сите структури на сликата, ги пресечува, разбива, дообликува, продолжува облиците на фигурите, предметите итн. Со тоа е речено каква е и новата обликовна стратегија на Ивковиќ. Поранешната проучена, интенционална робустност, несмасност, скоро гротескна експресивност, не е укината во сите основни моменти, но знатно е изменет нејзиниот конечен пиктурален состав. Пред сé, се појавува стремежот кон понагласен рафинман на линијата, кон нејзините суптилни, смели, динамични екскурзии низ просторот, со што облиците се динамизираат, добиваат некаква ,,антигравитациона' 'ослободеност; слободно, во чудни, антинатуралистички оттука полни со надреалистички акценти, замислени композиции, искажуваат една експлозивна, емотивност вжештена немирна драматичност. Симболиката, надреалноста во духовната структура на најновите дела на Ивковиќ е знатно понагласена и оттука може да се заклучи дека уметникот на еден свој индивидуален, интровертен начин, ја следи современата историја, трагиката на современото човеково постоење во еден свет исполнет со чудовишни контрасти. Француските критичари не се стеснуваа да речат дека неговиот фолклор од централна Европа е ,,весел, наивен, често почуден и поспонтан од оној на Шагал". А за неговиот свет: во кој ,,плашилата за птици често нé наведуваат да мислиме на распнати луѓе, на маченици" дека е ,,легендарен, речиси надреалистички; дека таков извира од неговите симболични платна, метаморфозирајќи ги формите во слики од соништата".

Најновите дела на Ивковиќ, во една најопшта, начелна споредбеност, можат да се конфронтираат со творештвото на некои современи сликари. Само што македонскиот уметник и тогаш кога се искажува за морничави, трагични настани, при кое користи некои споредни тематски и пиктурални реквизити на редица современи надреалисти или припадници на таканаречената нова фигурација, успева да ја запази својата личност; успева да ја потврди нејзината внатрешна емотивна и мисловна чистота, нејзиното длабоко, недекларативно, искрено сочувство со фатумот на човечкото постоење. Во редица гвашеви и масла на картон, потоа во бројни цртежи, уште понагласено се манифестира неговата медитеранска чувствителност, неговата потреба и она што е манифестација на ужасното, грдото, одбивното, да се предаде во пиктурална форма што не се одредува од аспирациите и во тие области да го најде естетското, убавото.

Со целиот свој досегашен опус, Ивковиќ претставува еден од најизразитите примери на напорот да се изрази, на соодветен на уметничката креација начин, духовната поврзаност со една национална средина, со една национална култура и уметност. Во своите најдобри дела уметникот успеал, како што и погоре нагласува, да најде кохезија меѓу таа основна особеност на своето творештво и некои од видовите на актуелното ликовно искажување што е во исто време, во длабока спрега со битните особености и на менталитетот на овој уметник и на целите на неговото творештво.

Борис ПЕТКОВСКИ

**БОГОЉУБ ИВКОВИЌ — академски сликар**

Роден 1924 година во Градско, покрај Титов Велес. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград, 1957 година. Студиски престој во Париз. Сега живее и работи во Париз.

Адреса: 13 Rue Beudant, Paris 17, France



**Самостојни изложби**

1958 — Белград

1959 — Скопје

— Народен музеј, Охрид

1963 — Дом ЈНА, Белград

1968 — Galerie Camille Renault, Париз

**Групни изложби**

Од 1957 учествувал на бројни изложби како член на ДЛУМ и групата „МУГРИ", како и на следниве изложби во земјата и странство:

1961 — НОБ во делата на ликовните уметници од Југославија, Белград

— IV Биенале во Александрија

1962 — Изложба на Југословенски уметници во Багдад

— Современо југословенско сликарство во Индија и Цејлон

— Меморијал на Надежда Петровиќ, Чачак

— Современа македонска уметност, Дижон

— Современо југословенско сликарство, Лозана

— Ивковиќ, Хаџи Бошков, Аврамовски, Скопје

— Македонски портрет на XIX и XX век, Скопје

1964 — I триенале во Белград

— Современа македонска уметност, Штип

1967 — Современа југословенска уметност, Охрид

— II триенале во Белград

1968 — НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија, Белград

1969 — Современа македонска уметност, Белград, Сараево, Загреб

— Современа македонска уметност — слики и графики, Истанбул, Анкара

— Ангажирана уметност во Југославија 1919—1969, Словењ Градец

1970 — 10 македонски сликари, Ним, франција

— XXVI Мајски салон, Париз

**Награди:**

Награда за сликарство на I Триенале во Белград 1961, III награда за сликарство на I Изложба на НОБ во Белград 1961

**КАТАЛОГ**

**CATALOGUE**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | СВАДБА I<br>NOCE I | 195 × 130 | 1968 |
| 2. | ПО КАТАКЛИЗМАТА<br>APRÈS LE CATACLYSME | 195 × 130 | 1969 |
| 3. | ПОСЛЕДНОТО ПАТУВАЊЕ НА ТАТКО МИ<br>LE DERNIER VOYAGE DE MON PÈRE | 195 × 130 | 1968 |
| 4. | ФИГУРА<br>FIGURE | 160 × 130 | 1967 |
| 5. | МАКЕДОНСКА СВАДБА<br>NOCE MACÉDONIENNE | 160 × 130 | 1968 |
| 6. | ИГРА<br>JEU | 160 × 130 | 1968 |
| 7. | ФИГУРА II<br>FIGURE II | 160 × 130 | 1968 |
| 8. | ЧУВАРОТ НА ПОЛЕТО<br>LE GARDIEN DU CHAMPS | 100 × 81 | 1968 |
| 9. | ДЕВОЈКИ<br>FILLES | 92 × 73 | 1970 |
| 10. | МАСКЕНБАЛ<br>BAL MASQUÉ | 92 × 73 | 1970 |
| 11. | СЕЛСКА КОЛА<br>CHAR PAYSAN | 100 × 81 | 1967 |
| 12. | ВИОЛЕТОВА СЛИКА<br>PEINTURE VIOLETTE | 60 × 60 | 1968 |
| 13. | ЧОВЕКОТ КОЈ ЛЕТА<br>L'HOMME VOLANT | 50 × 50 | 1969 |
| 14. | СОПАТНИЦИ<br>COMPAGNONS DE VOYAGE | 35 × 27 | 1969 |
| 15. | ПАД ОД КОЊ<br>CHUTE DE CHEVAL | 35 × 27 | 1969 |
| 16. | СРЕДБА<br>RENCONTRE | 35 × 27 | 1969 |
| 17. | СИНА СЛИКА<br>PEINTURE BLEUE | 35 × 27 | 1969 |
| 18. | СЕЛАНЕЦ ОД ЧИЧЕВО<br>PAYSAN DE ČIČEVO | 35 × 27 | 1969 |
| 19. | СИВА СЛИКА<br>PEINTURE GRISE | 35 × 27 | 1969 |
| 20. | МАЛА КОЛА<br>PETIT CHAR | 35 × 27 | 1969 |
| 21. | ДОДВОРУВАЊЕ<br>ACTION DE FAIRE LA COUR | 35 × 27 | 1969 |
| 22. | ЧОВЕКОТ СО ЦРВЕНО ЛИЦЕ<br>L'HOMME AU VISAGE ROUGE | 35 × 27 | 1969 |
| 23. | НЕНАДЕЈНА ПОСЕТА<br>VISITE INATTENDUE | 35 × 27 | 1969 |
| 24. | РАДУВАЊЕ<br>JOIE | 35 × 27 | 1969 |
| 25. | РАЃАЊЕ НА ДЕНОТ<br>NAISSANCE DU JOUR | 35 × 27 | 1969 |
| 26. | НА ПАТ<br>EN ROUTE | 35 × 27 | 1969 |
| 27. | ТРПЕЗА ВО ПОЛЕТО<br>TABLE DANS LE CHAMPS | 35 × 27 | 1969 |
| 28. | ЗЕЛЕНА ТРПЕЗА<br>TABLE VERTE | 35 × 27 | 1969 |
| 29. | БЕЛА СЛИКА<br>PEINTURE BLANCHE | 35 × 27 | 1969 |
| 30. | МАГИОНИЧАР<br>MAGICIEN | 35 × 27 | 1969 |
| 31. | ЧОВЕКОТ НА ТРКАЛО<br>L'HOMME À LA BICYCLETTE | 35 × 27 | 1969 |
| 32. | ИЗНЕНАДУВАЊЕ<br>SURPRISE | 35 × 27 | 1969 |
| 33. | КИКЛОП<br>CYCLOPE | 80 × 62 | 1970 |
| 34. | ЗАПАЛЕНА ПЛАЖА<br>PLAGE INCENDIÉE | 62 × 46 | 1970 |
| 35. | ОСВОЈУВАЧИ<br>CONQUÉRANTS | 62 × 46 | 1970 |

техника: масло на платно
technique: huile sur toile

од 35 — 61 гвашеви
од 61 — 68 графика
од 68 — 71 цртежи





34



## BOGOLJUB IVKOVIĆ — peintre

Né en 1924 à Gradsko, près de Titov Veles. En 1957 obteint son diplôme à l'Académie des Beaux-Arts de Belgrade. Sejour d' tude à Paris. Actuellement vit et travaille à Paris.
Adresse: 13 Rue Beudant, Paris 17, France

**Expositions individuelles:**

1958 — Belgrade
1959 — Skopje
— Musée Populaire, Ohrid
1963 — Foyer de l'Armée, Belgrade
1968 — Galerie Camille Renault, Paris

**Expositions collectives:**

A partir de 1957 il a participé aux nombreuses expositions comme membre de la DLUM (Association des Artistes de la Macédoine) et du groupe artistique „Mugri , ainsi qu'aux expositions collectives dans le pays et à l'étranger:

1961 — NOB (Lutte de Libération Populaire) dans les Oeuvres des Artistes Yougoslaves, Belgrade
— IV-e Biennale d'Alexandrie
1962 — Exposition des Artistes Yougoslaves à Bagdad
— Peinture Yougoslave Contemporaine, Indes et Caylan
— Mémorial de Nadežda Petrović, Čačak
— Art Macédonien Contemporain, Dijon
— Peinture Yougoslave Contemporaine, Lausanne
— Ivković, Hadži Boškov, Avramovski, — Skopje
— Portrait Macédonien du XIX-e et XX-e siècles, Skopje
1964 — I-ère Triennale de Belgrade
— Art Macédonien Contemporain, Štip
1967 — Art Yougoslave Contemporain, Ohrid
— II-e Triennale de Belgrade
1968 — NOB dans les Oeuvres des Artistes Yougoslaves, Belgrade
1968 — NOB dans les Oeuvres des Artistes Yougoslaves, Belgrade
1969 — Art Macédonien Contemporain, — Belgrade, Sarajevo, Zagreb
— Art Macédonien Contemporain, Istanbul et Ankara
Art Angagé en Yougoslavie 1919—1969, Slovenj Gradec
1970 — 10 Peintres macédoniens, Nîmes, France
— XXVI-e Salon de Mai, Paris

**Prix:**

Prix de peinture à la I-ère Triennale de Belgrade 1961,
III-e Prix de peinture à la I-ère Exposition de la NOB à Belgrade 1961

## БИБЛИОГРАФИЈА
## BIBLIOGRAPHIE


1958 Димитар Кондовски, Пролетна изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, Скопје, 16. V. 1958

1959 —, Ликовна изложба на Богољуб Ивковиќ, Културен живот, Скопје, бр. 1, јануари—февруари, 1959

Б. Петковски, Три ликовни изложби во Скопје, Млад борец, Скопје, бр. 8, 9. IV. 1959

Елена Мацан, 15 години ликовно творештво во Македонија, Нова Македонија, Скопје, 24. V. 1959

Светозар Домиќ, Втората самостојна изложба на Богољуб Ивковиќ, Современост, Скопје, бр. 5, мај, 1959

Антоние Николовски, Ликовна хроника, Разгледи, Скопје, бр. 10, 1959

М. Милошевиќ, Савремена македонска уметност, Борба, Белград, 8. XII. 1959

Лазар Трифуновић, Гости из Македоније: узбудљива настојања . . ., НИН, Белград, 13. XII. 1959

1960 Р. Пешиќ, ,,Мугри" нова ликова група во Скопје, Нова Македонија, Скопје, 5. IV. 1960

J. П. Група ,,Мугри" отворила своју прву изложбу, Борба, Белград, 11. IV. 1960

J. Мацан, изложба на групата ,,Мугри", Нова Македонија, Скопје, 17. IV. 1960

Б. Петковски, Прва изложба на групата ,,Мугри", Млад борец, Скопје, 21. IV. 1960

Томе Момировски, Изложба на ликовната група ,,Мугри", Современост, Скопје, бр. 5, мај, 1960

Борис Петковски, IV пролетна изложба на ДЛУМ, Млад Борец, Скопје, V. 1960

Антоние Николовски, ДЛУМ на IV пролетна изложба бр. 10, јуни 1960

Хилда Караџова, Групата ,,Мугри" претставник на младите, Македонија, Скопје, бр. 88—89, VIII—IX, 1960

Томе Момировски, По повод есенската изложба на членовите на ДЛУМ, Современост, Скопје, бр. 9, ноември, 1960

1961 —, ,,Мугри" во Белград, Нова Македонија, Скопје, 5. III. 1961

Ђорђе Поповић, ,,Мугри", Борба, Београд, 10. III. 1961

В. Урошевиќ, Изложба на групата ,,Мугри", Млад борец, Скопје, 30. III. 1961

Борис Петковски, Нагласена издиференцираност — изложба на групата ,,Мугри" во Скопје, Нова Македонија, Скопје, 2. IV. 1961

Лазар Трифуновић, Група ,,Мугри" у знаку надреализма, НИН, Белград, 2. IV. 1961

К. Гавриш, Богољуб Ивковиќ: ,,Сеуште сум таму во Градско", Нова Македонија, Скопје, 5. IV. 1961

Елена Мацан, Изложба на ликовната група ,,Мугри", Културен живот, Скопје, бр. 4, април, 1961

Борис Петковски, по повод петтата изложба на ДЛУМ културен живот, Скопје, бр. 5, мај, 1961.

Томе Момировски, По повод пролетната изложба на ДЛУМ, Современост, Скопје, бр. 5, мај, 1961

К. Гавриш, Награда на првото триенале, Нова Македонија, Скопје, VI, 1961

1962 Томе Момировски, По повод изложбата ,,Македонски портрет XIX и XX век", Современост, Скопје, бр. 3, март, 1962

К. Гавриш, Графика, сликарство, скулптура — заедничка изложба на Аврамовски Драгутин, Хаџи Бошков Петар и Богољуб Ивковиќ, Нова Македонија, Скопје, 27. V. 1962

В. Урошевиќ, Три изразити индивидуалности — Ивковиќ, Хаџи Бошков, Аврамовски, Млад борец, Скопје, 31. V. 1962

Борис Петковски, една измината ликовна сезона, културен живот, Скопје, бр. 5, мај, 1962.

J. Димовски, Три познати имиња — изложба на Аврамовски, Хаџи Бошков и Ивковиќ, Нова Македонија, Скопје, 14. VI. 1962

Глигор Чемерски, Македонски портрет од XIX и XX век, Разгледи, Скопје, бр. 7, 1962

Борис Петковски, Хетерогено — XII изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, Скопје, 18. XI. 1962

1963 П. В., Нова фаза развоја Богољуба Ивковића, Политика, Белград, 6. IV. 1963

Драгослав Ђорђевић, Богољуб Ивковић, Борба, Белград, 6. IV. 1963

1965 Boris Petkovski, L'art contemporain en Macédoine, Les lettres françaises, Париз, бр. 1092, 5—8, VIII. 1965

Aleksa Čelebanović, Savremeno slikarstvo u Jugoslaviji, Jugoslavija — Белград, 1965

1967 Симон Шемов, Разоткривачка светлина врз ликовниот израз, Вечер, Скопје, 1. V. 1967

1968 Claude Boueyre, Ivković, Les lettresf ançaises, Париz, бр. 1261, 11—17, 1968

J. W., Bogoljub Ivković, Le Figaro Париз, 17. XII. 1968

M. D. A., A travers les galeries, L'Aurore, Париз, 18. XII. 1968

J. V., —, Le Monde, Paris, Париз, 26. XII. 1968 (информ. белешка)

1969 Raymond Charmet, A vu, La galerie des arts, Париз, бр. 62, јануари, 1969

Борис Петковски, Prilog pitanju nacionalnog i tradicije u savremenoj makedonskoj likovnoj umetnosti, Белград, бр. 17, јануари — март, 1969 — , Ивковиќ првапт пред париската ликовна публика, Нова Македонија, Скопје, 2. II. 1969

О. Спиркоска, Голема изложба на современата македонска уметност, Нова Македонија, Скопје, 6. II. 1969

Д. П., Македонци на Ушћу, Експрес, Белград, 6. II. 1969

В. С., Прва антологијска смотра савремене македонске уметности, Политика, Белград, 6. II. 1969

Р. Кузмановски, Изложба на европско ниво, Нова Македонија, Скопје, 10. II. 1969

Зоран Маркуш, Во знакот на сопствената преродба, Нова Македонија, Скопје, 16. II. 1969

Симон Шемов, Изложба на македонската уметност — манифестација со најголемо значење, Млад борец, Скопје, 24. II. 1969

П. В., Време младих уметника, Политика, Белград, 1. III. 1969

Миодраг Протиќ, Творечко достигнување на светот, Нова Македонија, Скопје, 9. III. 1969

Борис Петковски, Динамично сазревање, Политика, Белград, 16. III. 1969

Катарина Амброзиќ, Македонската уметност денес, Разгледи, Скопје, бр. 3, март, 1969

Соња Абаџиева Димитрова, Еден ликовен настан, Современост, Скопје, бр. 5, мај, 1969

О. Сп., Македонската современа уметност во Сараево, Нова Македонија, Скопје, 5. VI. 1969

В. П., Изложба на македонските уметници во Сараево, Вечер, Скопје, 7. VI. 1969

Muhamed Karamehmedović, Aktuelno u okviru bogate tradicije, Oslobođenje, Сараево, 21. VI. 1969

Željko Sabol, Ličnosti i djela, Telegram, Загреб, 3. X. 1969

Aleksandar Bassin, Sodobna makedonska umetnost v Beogradu in Zagrebu, Naši razgledi, Љубљана, 19. XII. 1969

Boris Petkovski, La pittura contamporanea Macedone, Quid, P—im, бр. 8, ноември, 1969

1970 Zdenko Rus, Posljedniji korak i prekoračenje — suvremena makedonska umetnost, Kolo, Загреб, бр. 1—6, јануари—јуни, 1970

—, Отворена изложбата ,,Македонска современа уметност" во Ним, Нова Македонија, Скопје, 4. II. 1970

Предговори за каталози:

Елена Мацан, предговор за каталог од изложбата ,,Македонски портрет XIX и XX век", Уметничка галерија, Скопје, 1962

Борис Петковски, предговор за каталог од изложбата ,,Современа македонска уметност — сликарство, скулптура, објекти", Музеј савремене уметности — Белград, Умјетничка галерија — Сарајево, Модерна галерија — Загреб, 1969

Борис Петковски, предговор за каталог од изложбата ,,Angažirana umetnost v Jugoslaviji 1919—1969" umetnostna galerija, Словењ Градец, 1969

Борис Петковски, предговор за каталог од изложбата ,,Makedonyali sanatčilar , Resim ve heykel muzesi, Istambul, Ankara, 1969

Борис Петковски, предговор за каталог од изложбата ,,10 peintres Macedoniens , Musée des Beaux-Arts Nim, 1970

| | | |
|---|---|---|
| издавач | : | музеј на современа уметност — скопје |
| éditeur | : | musée d'art contemporain — skopje |
| редактор | : | александар ѓурчинов |
| rédacteur | : | aleksandar đurčinov |
| предговор | : | борис петковски |
| préface | : | boris petkovski |
| припрема на текстот | : | слободанка парлиќ |
| texte | : | slobodanka parlić |
| библиографија | : | слободанка парлиќ |
| bibliographie | : | slobodanka parlić |
| превод | : | соња абаџиева димитрова |
| traduction | : | sonja abadžieva dimitrova |
| поставка на изложбата | : | александар ѓурчинов |
| accrochage | : | aleksandar đurčinov |
| техничка подготовка | : | стојан петровиќ |
| arrangement technique | : | stojan petrović |
| печатница | : | графички завод „гоце делчев" — скопје |
| imprimérie | : | office graphique „goce delčev," — skopje |
| тираж | : | 500 |
| tirage | : | 500 |